ПРАВИЛНИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, ПОДГОТОВКА, ОЦЕНКА И ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ, СПОРЕД ЕКТС

Скопје, 30.05.2024 година

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-524/1
30.05 2024 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на чл.94 т.22 од Законот за високото образование („Службен весник на Р. Македонија“ бр.82/18) и чл.72 т.22 од Статутот на Европски Универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат на 129-та седница одржана на ден 30.05.2024 година, го донесе следниот:

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ
на
П Р А В И Л Н И К
за пријавување, подготовка, оценка и одбрана на магистерски труд на Втор циклус студии, според ЕКТС

I. Услови и начин за пријавување на магистерскиот труд

Член 1

Пријава за изработка на магистерски труд и магистерски тези може да поднесат само студенти кои ги исполниле условите, согласно акредитираната студиска програма на соодветниот факултет.

Член 2

Кандидатот е должен пријавата за изработка на магистерски труд и магистерските тези да ги достави и завери во Службата за студентски прашања на Европски Универзитет Скопје, во 7 /седум/ примероци, и тоа 1 /еден/ за студентското досие на кандидатот, 1 /еден/ за евиденција во рамките на конкретната насока на последипломските (мастер) студии, а останатите за членовите на Наставно-научниот колегиум кои ја разгледуваат пријавата за изработка на магистерски труд и магистерските тези.

Пријавувањето на магистерскиот труд се врши на посебен образец (види Анекс 1 на овој Правилник).

Член 3

Студентот избира тема за магистерски труд во консултација со потенцијалниот ментор, од област која се изучува на соодветната насока на последипломски (мастер) студии, на која што е запишан.

Пријавата за магистерски труд содржи:

- наслов на темата;
- образложение за научната, општествената (уметничката) и стручната оправданост на темата;
- план за работа и
- преглед на литературата (30 до 50 библиографски единици).

Пријавата за магистерски труд, вклучително со магистерските тези, треба да биде во обем најмногу од еден авторски табак (16 страници).

Пријавата со насловот и тезите на магистерскиот труд се разгледуваат на Колегиумот на последипломски (мастер) студии, кој дава свое мислење за истите.

Заради запазување на релевантноста и експертскиот пристап, право на доставување забелешки на насловот на магистерскиот труд, како и содржината и структурата на магистерските тези, имаат само оние членови на Колегиумот кои се избрани во иста или слична област, како областа од која е темата на магистертскиот труд.

Член 4

Откако Колегиумот ќе ги потврди насловот и тезите на магистерскиот труд, истите се усвојуваат од страна на наставно-научниот совет на факултетот.

Насловот на магистерскиот труд, кој е усвоен од страна на наставно-научниот совет, не може да се менува, односно останува непроменет до одбраната на магистериумот.

Наставно-научниот совет на факултетот на истата седница го назначува менторот, под чиј надзор и консултации кандидатот ги изработил насловот и тезите на магистерскиот труд.

Член 5

Насловот на магистерскиот труд се објавува на официјалната ВЕБ страна на Европски Универзитет Скопје.

II. Подготовка на магистерскиот труд

Член 6

Магистерскиот труд е резултат на самостојна работа на кандидатот, во кој се систематизираат постојните научни знаења и се придонесува за нивен натамошен развој.

Член 7

Магистерскиот труд треба да содржи минимум 80 /осумдесет/, а максимум 100 /сто/ страни (и повеќе, доколку менторот процени дека е потребно), не вклучувајќи ја насловната страница, страниците каде што е наведена содржината на трудот, страниците каде што е наведена користената литература и фуснотите.

Насловот на магистерскиот труд не треба да содржи кратенки, загради или наводници.

Член 8

Трудот треба да биде изработен во компјутерска техника, во фонт Times New Roman со македонска јазична поддршка, со големина на букви 12, во основен текст и проред 1,5, за основен текст, како и големина на буквите 10, со проред 1 за текст во фусноти.

Член 9

Структурално магистерскиот труд треба да содржи:

- апстракт (македонски и англиски јазик);
- воведен дел (општествена оправданост на темата, методологијата што ќе се користи, појдовни хипотези);
- поимно определување, односно основни карактеристики на институтот, проблемот, појавата, односно темата што се разработува во магистерскиот труд;

- теоретска анализа и елаборација на проблематиката која што ја опфаќа магистерскиот труд, претставена во неколку дела;
- емпириско истражување или анализа на случај, во зависност од областа која е предмет на интерес во магистерскиот труд;
- заклучоци до кои кандидатот дошол во текот на подготовката на магистерскиот труд, како и дадени препораки, практичната примена, поголеми ефекти, крајни резултати и сл;
- користена литература (библиографија).

III. Постапка за оценка и одбрана на магистерскиот труд

Член 10

За време на менторската фаза, со одобрение од менторот, студентот до наставно-научниот совет на факултетот, доставува барање за формирање на Комисија за оценка и одбрана на магистерскиот труд.

Член 11

Наставно-научниот совет, во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето, формира Комисија за оценка и одбрана на магистерскиот труд (во понатамошниот текст - Комисија) составена од три члена, од кои најмалку двајца се од соодветната научна област поврзана со темата на магистерскиот труд.

Член 12

Работната верзија на магистерскиот труд студентотот има обврска да ја достави на разгледување до менторот и членовите на Комисијата по електронски пат (а на нивно барање и во печатена форма).

Откако ќе ја добие од студентот работната верзија на магистерскиот труд, Комисијата е должна да ја прегледа и на студентот електронски или писмено да му достави евентуални забелешки, во рок од 60 /шеесет/ дена (поради оправдани причини овој рок може да биде пролонгиран).

Член 13

Комисијата од претходниот член на овој Правилник подготвува Извештај, во кој дава оценка и образложение на трудот, најдоцна во рок од 30 /триесет/ дена од денот на прифаќањето на доставената завршна верзија, во која студентот ги вметнал сите дадени евентуални забелешки од страна на менторот и членовите на Комисијата.

Во временскиот рок од 30 /триесет/ дена, не влегува периодот за време на зимскиот и летниот распуст на студентите.

Член 14

Извештајот се доставува на разгледување до Наставно-научниот совет на факултетот и по неговото усвојување, на истата седница се определува денот на одбраната, за кој кандидатот електронски се известува.

Член 15

Студентот е должен до Службата за студенски прашања да достави 7 /седум/ примероци во печатена форма, од крајната верзија на магистерскиот труд која што ја одобрил менторот и членовите на Комисијата.

Од овие примероци се доставуваат:

- 3 /три/ примероци за членовите на Комисијата,
- еден за досие,
- еден за архива,
- еден за библиотека на ЕУ Скопје,
- еден за НУБ „Св. Климент Охридски" Скопје.

IV. Одбрана на магистерскиот труд

Член 16

Магистерскиот труд треба да биде одбранет најдоцна во рокот за завршување на студиите, определен во Статутот на универзитетот и Одлуката донесена на секоја од единиците.

Член 17

Одбраната на магистерскиот труд се закажува во рок од 30 /триесет/ дена (поради оправани причини и повеќе од овој рок), од прифаќањето на Извештајот на Комисијата, од страна на Наставно - научниот совет на Факултетот.

Соопштението за одбрана на магистерскиот труд се објавува на огласна табла на Факултетот, најмалку 7 /седум/ дена пред одбраната, а студентот за истата се известува преку електронски пат (e-mail).

Член18

Одбраната на магистерскиот труд е јавна.

Јавната одбрана може да трае најмногу 60 /шеесет/ минути (по потреба и повеќе, зависно од проценката на Комисијата).

На одбраната се чита биографијата на кандидатот, како и заклучокот и оценката содржани во Извештајот од Комисијата.

Потоа, кандидатот усмено го излага магистерскиот труд, во траење од најмногу 30 /триесет/ минути, по што следува поставување прашања од членовите на Комисијата и давање одговори од страна на кандидатот.

Комисијата го оценува излагањето и презентацијата на магистерскиот труд, вклучително и одговорите на поставените прашања.

Оценувањето се врши со описни оценки:

- одлично го одбрани магистерскиот труд;
- го одбрани магистерскиот труд;
- не го одбрани магистерскиот труд.

За текот на одбраната се води записник, кој го потпишуваат членовите на Комисијата.

V. Технички правила за подготовка на магистерскиот труд

Член 19

Цитирање според големина на цитатот се изведува на следниов начин:

- ако цитатот содржи помалку од 40 зборови (не повеќе од три реда), се стават наводници на почетокот и на крајот од цитатот и тој се интегрира во текстот. Бројот на фуснотата се става после наводниците.
- ако цитатот содржи повеќе од 40 зборови, цитатот не се интегрира во текстот, туку се издвојува во посебен пасус, со потесни маргини од маргините на основниот текст и не се внесува во наводници. Бројот на фуснотата се става на крајот од цитатот.

Член 20

Цитирање на одделни видови трудови, кога тие се наведуваат за првпат, се изведува на следниов начин:

- учебник или монографија: презиме, име на авторот, наслов на трудот, издавач, град, година на издавање и број на страницата.

Пример: Радбрух, Густав, Филозофија на правото, Правен факултет „Јустинијан Први„ Скопје, 2008, стр.2;

Пример: Наумовска, Виолета, Менаџмент на мал бизнис, Факултет за економски науки, ЕУРМ, Скопје, 2009, стр.34.

- статија: презиме, име на авторот, наслов на статијата, назив на зборникот (збирката на трудови, текстови) каде што е објавена статијата, број на томот на зборникот, издавач, град, година на издавање, број на страница.

Пример: Weigend, Thomas, Germany, во Criminal Procedure - A Worldwide Study, 2nd Edition, (Ed. C.M.Bradley), Carolina Academic Press, 2007, стр. 243- 272;

Пример: Давитковски, проф. д-р Борче, Статус на организациите од јавен карактер, во Зборникот на трудови Евроинтеграција - идеи, состојби, реализација, Правен факултет „Јустинијан Први„ Скопје, 2002,стр.153-176).

- меѓународни документи (договори, конвенции, препораки): оригиналниот назив, организиацијата што го изготвила, година на донесување.

Пример: Convention on the Rights of the Child, United Nations,1989;

Пример: Recommendation No. R(85)11 on the position of the victim in the framework of criminal law and procedure, Council of Europe, Strasbourg, 1985.

- законски и подзаконски текстови: број на службен весник или службено гласило на државата која го донела законот

Пример: Закон за државните службеници, Службен Весник на Република Македонија, бр.114/2009;

Пример: Zakon o krivicnom postupku Bosne i Hercegovine, (Službeni glasnik Bosne i Hercegovine, br. 3/03, 32/03, 36/03, 26/04, 63/04, 13/05, 48/05, 46/06, 76/06, 29/07, 32/07,53/07);

Пример: Codice di Procedura Penale, http://www.studiocelantano.it/codici/

- користени веб страници:

Пример:

http://www.rechtspraak.nl/information+in+englishhttp://www.interpol.int/public/Region/Europe/pjsystems/Nethelands.asphttp://www.vorp.com/articles/benefits.html

Член 21

При повторено цитирање се наведува само презимето на авторот, насловот на трудот и страницата, а ако непосредно во претходната фуснота било цитирано истото дело се користи терминот Ibid и бројот на страницата.

Член 22

При изработка на магистерскиот труд може да се користи и харвардски систем на цитирање, при што цитатот е дел од текстот, а во заграда на крајот од цитатот се става презимето на авторот, годината на издавање на делото и бројот на страницата.

Целосни податоци за цитираното дело се наведува во библиографијата на крајот од трудот.

Член 23

Внесувањето забелешки во текстот се врши на следниот начин:

- за забелешки на крајот од страницата: во опцијата „Insert" се избира „reference", потоа „footnote", по што автоматски впишаниот текст се внесува на крајот од страницата;
- за забелешки на крајот од текстот: - во опцијата „Insert" се избира „reference", потоа „endnote", по што автоматски впишаниот текст се внесува на крајот од текстот.

Член 24

Цитирање на користената литература (библиографија) се изведува на следниот начин:

- се наведува на крајот од магистерскиот труд по азбучен или абецеден ред, според презимето на авторот;
- ја сочинуваат сите цитирани извори и за секоја цитирана единица се впишуваат целосните податоци (на ист начин како што таа се цитира кога се наведува за првпат, само без наведување на страните од цитираниот извор);
- користените библиографски единици се наведуваат по следниов редослед: учебници и монографии, статии, меѓународни документи, законски и подзаконски акти и веб страници.

VI. Промена на ментор и на членови на Комисија за оценка и одбрана на магистарскиот труд

Член 25

Наставно-научниот совет на факултетот, на сопствена иницијатива или на барање на студентот, може да изврши промена на менторот на магистерскиот труд, доколку:

- менторот замине во пензија;
- на менторот му прекине работниот однос на универзитетот;

- менторот е подолго време отсутен од работа, поради болест, престој во странство или други оправдани причини;
- се утврдат неправилности во работата на менторот, при менторирањето на студентот.

Член 26

Студентот ја продолжува менторската фаза со новиот ментор, со истиот наслов на магистерскиот труд, кој бил претходно усвоен од страна на наставно-научниот совет на факултетот.

Член 26-а

Наставно-научниот совет на факултетот, на сопствена иницијатива или на барање на студентот, може да изврши промена на член на рецензиона комисија за оценка и одбрана на магистарски труд, доколку:

- членот замине во пензија;
- на членот му прекине работниот однос на универзитетот;
- членот е подогло време отсутен од работа, поради болест, престој во странство или други оправдани причини;
- се утврдат неправилности во работата на членот при оценката и одбраната на магистерскиот труд.

VII. Плагијаторство

Член 27

Пред Наставно-научниот совет на факултетот да го усвои Извештајот на Комисијата, менторот, електронски, ја испраќа завршната верзија на трудот до Министерство за образование и наука за проверка за плагијаторство.

Член 28

Од денот на електронското доставување за проверка на плагијаторство до денот на одбраната на магистерскиот труд мора да е запазен рок од најмалку 30 /триесет/ дена.

Член 29

Доколку електронскиот извештај за плагијатизам покаже над 35% плагијат на магистерскиот труд, студентот е должен повторно да достави пријава за изработка на магистерски труд и магистерски тези, под друг работен наслов.

VII. Завршни одредби

Член 30

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Универзитетскиот сенат.

Член 31

За измени и дополонувања на Правилникот се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

Член 32

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Претседател на Универзитетски сенат:
Доц. д-р Соња Вујасин